Марија ТАШЕВА

# РЕЛИГИЈАТА И КЛАСАТА


## АПСТРАКТ

Односот меѓу религијата и класата се претставува преку теоријата анализите на Карл Маркс и Макс Вебер, како и преку некои анализи современите состојби на овој однос што ги констатитаат американски социолози на религијата имајќи го како пример американското општеств


Историското искуство открива сеприсутна поврзаност ме локацијата на луѓето во општеството и нивните верувања и рел гиозни практики. Искуството, исто така, открива дека религиска приврзаност има способност да ги обликува начините на кои луѓе дејствуваат во доменот на економијата и политиката. Но, врска меѓу религијата и општествената класа не е ниту едноставна, ни единствена. Од друга страна, во едно општество таа е предмет континуирана промена.

Во формативниот период на социологијата на религијата о бено Карл Маркс и Макс Вебер биле окупирани со проблемот односот меѓу религијата и класата. Нивните учења оствариле голе влијание врз редица други социолози.

## КАРЛ МАРКС ЗА ОДНОСОТ МЕЃУ РЕЛИГИЈАТА И КЛАСАТА

Маркс не напишал посебно дело во кое се занимава со пр лемот на религијата и класата, но неговиот став во врска со о однос може да се открие, како во неговите рани, така и во негов доцни трудови. Во раните трудови го разгледува во контекст на т ријата за алиенацијата, додека во доцните во рамките на теоријата експлоатацијата.

Алиенацијата е состојба која настанува во класните општес во кои работникот, како носител на работниот процес, е изделен средствата на трудот (кои му припаѓаат на сопственикот), како и производите што ги создава со својот труд. Ситуацијата во која

ботникот е поставен во работниот процес како своја последица го има потполното менување на улогата на трудот во изградбата на човечката природа: трудот, кој е една од суштинските карактеристики на човечката природа од динстинктивна способност на човекот да ја надминува својата биолошка природа станува нешто што се става во служба на биолошките потреби.

*„Прво, рабошаша на рабошникош му е надворешна рабоша, односно не йрийаѓа на неговаша сушшина, йа зашоа шој не се йошврдува йреку својаша рабоша, шуку се одрекнува, не се чувсшвува среќен, шуку несреќен, не развива слободна физичка и духовна енергија, шуку ја шормози својаша йрирода и го уйройасшува својош дух. Зашоа рабошникош се чувсшвува свој дури кога е надвор од шрудош, а во шрудош се чувсшвува надвор од себе... Зашоа се доаѓа до резулшаш човекош (рабошникош) да се чувсшвува самодејсшвен единсшвено во своише живошински функции, во јадењешо, йиењешо и раѓањешо, најмногу уште во сшанош, накишош ишн., а во своише човечки функции се чувсшвува само како живошно. Живошинскошо сшанува човечко, а човечкошо сшанува живошинско.*“ (К. Маркс 1967: 248).

Маркс наведува повеќе форми на отуѓување во рамките на процесот на трудот, какви што се: отуѓување во рамките на процесот на производство, отуѓување од производите на трудот, отуѓување од животните средства, отуѓување од другите работници, отуѓување од генеричкиот живот – од својата животна дејност, отуѓување на човекот од човекот. Во овие форми на отуѓување е вклучено и религиозното.

Големо влијание врз Маркс во однос на изградбата на теоријата на отуѓувањето одиграл Лудвиг Фоербах (1804–1872), германски филозоф, кој својата научна дејност ја насочил кон критичко преиспитување на улогата на религијата. Фоербах теологијата ја свел на антропологија, а Бог го претставил како отуѓена суштина на човекот. Религиските претстави, според него, не се одраз на човековиот увид во натприродната реалност, туку се творба на човековиот дух, изградена врз основа на сопственото проектирање во сликата на божественото битие под притисок на психолошки потреби кои бараат задоволување. Анализирајќи ги религиските претстави на божественото во текот на историјата, тој утврдил директна релација меѓу психолошките потреби на луѓето од одредена фаза на историскиот развој и природата на надмоќните, натприродните битија (боговите). Едновремено, тој упатува на мисловниот механизам на човекот, кој му овозможува да проектира „над“ и „пред“ светот „натприродни битија“. Имено, човековата положба во светот е таква што му дава доволно причини за да ги употреби моќите на својот ум во проекти-

рањето на натприродни битија. Тој има потреби кои нужно мо да бидат задоволени за да опстане, а во ова задоволување е сооче опасности кои го загрозуваат. Тој ја чувствува ограниченост своите природни моќи, како и на рационално-техничките метод кои го уредува својот однос со природата. Затоа, тој на своите м им ја придружува замислата за севозможното божествено битие може да се придобие со молби и кое е во состојба да заштити. Н му се припишува и способност да прави „чуда", да го укинува при ниот детерминизам во полза на човекот. Така, нагласува Фоер „кога на своите богови, или на својот Бог му принесува жртви ги умилостиви и да ги придобие за себе, човекот, всушност, им несува жртви на своите сопствени желби". Неговиот заклучок е „она битие кое е апсолутно за човекот не е Бог; апсолутното б за човекот, а тој да не е свесен за тоа, е самиот човек, а богови релативни, од човекот зависни битија" (Ф. Фоербах, 1955: 93).

Маркс ја прифаќа тезата на Фоербах дека боговите се пло отуѓувањето на човековите идеали и суштински особини, дека ч кот ним им ги припишува сите оние особини што самиот ги посе но не може да ги оствари во општествените околности што го о ничуваат. Религијата е отуѓување на природата, затоа што рели ниот човек мислено ги отуѓува од природата нејзините сво (какви што се семоќноста и бесконечноста) и му ги припишув натприродно битие. Таа е и самоотуѓување на човекот, затоа преку религијата човекот ги отуѓува од себе своите својства, к што се знаењето и добрината, како и своите идеали за апсол знаење и добрина, и нив ги замислува остварени во некое апсолу натприродно битие. Во религијата производите на човечките г изгледаат како да се самостојни облици, обдарени со сопствен вот, и кои се наоѓаат во односи самите со себе и со луѓето.

Религијата израснува од непознавањето на силите на приро и на општеството, како и од немоќта на човекот овие сили д потчини на себе, да ги стави под своја контрола. Со набљудува на реалните сили како „виши", „онострани", тој се помирува со р на нештата во реалниот свет (затоа што тие се израз на „виш сила) и настојува на посреден начин да дејствува врз него – п повикувањето на Бога. Затоа и религијата, според него, е истор категорија – таа ќе исчезне тогаш кога човекот ќе ги осознае родните и општествените сили и ќе ги совлада, односно кога не има потреба од посредник меѓу себе и природата и општеството

Во доцните трудови Маркс ја анализира улогата на религ како конзервативна сила која ги одржува воспоставените одно експлоатација. Одржувањето на односите на надреденост и под ност, меѓу другото, претпоставува одржување на лажна свес

подредената класа, а владејачката класа има можност да ја одржува оваа лажна свест затоа што има монопол врз јавното мислење. Во класните општества високата класа ја користи религијата како средство за одржување на воспоставените односи на надреденост и подреденост на следниве начини:

- Религијата ги одвраќа непривилигираните класи од борбата за промена на дадениот класен систем на тој начин што им дава сила да ги поднесат неправдите и мизеријата со која се соочуваат со влевањето надеж во можната среќа на оној свет.
- Со своите морални пораки религијата го оправдува и го санкционира дадениот класен систем. Во овој поглед, таа претставува „опиум за народот" затоа што служи за одржување на постоечките класни односи.

На овој начин религијата опстојува и во современите општества, независно од тоа што се создадени услови за нејзино укинување како поглед на свет. Нејзе ја одржува улогата на значајна компонента на доминирачката идеологија со која се легитимизираат класните односи и експлоатацијата.

## МАКС ВЕБЕР ЗА ОДНОСОТ МЕЃУ РЕЛИГИЈАТА И КЛАСАТА

Односот меѓу класата и религијата зазема значајно место во социологијата на религијата на Макс Вебер. Како и редица други теории, и теоријата на религијата Вебер ја развива во контекст на преиспитувањето и критиката на тезите на Карл Маркс. Тој ја отфрла Марксовата идеја дека религијата, како форма на општествената свест, е условена од материјалните услови на егзистенција на дадена општествена група. Неговото преиспитување на историјата го убедило дека религиозните идеи имаат своја автономија, но исто така се обликуваат и реобликуваат од класата и од статусните групи за да одговорат на нивните посебни потреби.

## РЕЛИГИОЗНОСТА НА СЕЛСКОТО И НА ГРАДСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Вебер ја преиспитува Марксовата теза за повисоката религиозност кај селанството, кај необразованото население и пониската класа, и во историската практика открива ред ситуации кои даваат поткрепа на спротивниот став – дека порелигиозни се градското население, повисоко образованите слоеви од општеството, како и припад-

ниците на повисоката класа. Сепак, имајќи ја предвид општествена' реалност со огромно разнородие на ситуации, тој, во поглед на влиј ниието на општествената положба врз степенот на религиозност истакнува дека не може да се изгради единствен став – различн општествени констелации поттикнуваат поголемо или помало пр врзување со религијата на одделните класни и статусни групи.

Во врска со религиозноста на селанството, Вебер го наведу примерот на подоцното еврејство и на христијанството, каде ш' „селанецот бил или незаинтерериран или стоел од спротивната стр на на рационалните етички струења". Тој нагласува дека „судбина на селанецот е толку длабоко зависна од органските процеси и пр родните случувања, а економски толку малку е приспособено на р ционалната систематизација, што, зборувајќи воопштено, тој се св тува кон религијата само кога е загрозен од ропство или од пролет ризација од страна на внатрешни – даночни или властелински, и. надворешни – политички сили" (М. Вебер 1969: 1078). Пример за н веденото е дејствувањето на голем број селски сојузи, предводени религиски водачи, кои во името на Бога војувале против градски земјопоседници.

Вебер забележува дека „оценувањето на селанецот како поед нец кој е особено побожен и оддаден на Бога е сосем модерна по, ва" (М. Вебер 1969: 1079).

Во јудаизмот се менувал ставот кон религиозноста на селан цот. Селскиот сталеж бил длабоко приврзан кон старата, претпр рочка еврејска религија. Во подоцниот јудаизам, кој по прогонство го славел земјоделството, се истакнуваат предностите на селски живот во однос на градскиот. Подоцна, во времето на фарисеи' религијата толку се изменила, што „селанецот" бил изедначен „безбожник" – човекот кој не живеел во градот се сметал за гра нин од втор ред, како во релгиозен, така и во политички погл Тогаш се истакнувало дека оној што живее како селанец нема мо ност да живее вистински праведен живот.

Во раното христијанство безбожникот бил именуван со „се нец", а градот се ценел како место на висока побожност. Во среді вековното христијанство селанецот бил набљудуван како христи нин од понизок ранг. „Во средниот век лојалноста кон црквата развивала посилно во градовите, каков што бил случајот и со с ташките религии" (М. Вебер 1969: 1079). Идеализирањето на села цот како длабоко религиозен Вебер прво го открил во лутеранст то, кое војувало против интелектуалниот рационализам и полити киот либерализам, а потоа во модерната руска религија, во која чувствувало големото влијание на словенофилството, самото п тикнато од отпорот против капитализмот и социјализмот.

Вебер го истакнува фактот на влијанието на земјоделскиот сталеж врз засновувањето на пророчката еврејската религија – „култот на Јехова, сврзан со Мојсеевите општествени закони, прв станал суштински етичка религија меѓу ерусалимскиот полис. Како што покажало општественото влијание на пророкот, без сомнение, ова се појавило под влијание на општествениот морализам на земјоделското граѓанство огорчено на градските земјопоседници и богаташи и во име на Мојсеевите закони за ускладување на статусните групи" (М. Вебер, 1969: 1079).

Раното христијанство од самиот почеток било религија на занаетчиите. „Неговиот спасител бил занаетчија од едно гратче. Неговите посланици биле патувачки занаетчии ... христијанската заедница во прв ред се пополнувала од градовите, особено од редовите на слободните и зависните занаетчии. Во средниот век ситната буржоазија била најпобожниот, а можеби и направоверниот слој." (М. Вебер 1969: 1083). Но, токму во слојот на ситната буржоазија Вебер открива и најголема религиска разнообразност, која се движи од безусловна лојалност кон востановената средновековна црква до откажување на секаква лојалност кон неа и оформување на нови секташки религии.

Вебер спроведува опсежни споредбени анализи на односот на селаните и граѓаните кон религијата и доаѓа до заклучок дека постојат суштествени разлики во нивната религиозност. Тој открива ред ситуации кога селаните, особено во рамките на еврејската и христијанската религија, иницирале религиски движења во исклучителни ситуации, кога под загрозеност од пролетаризација се поврзувале во секта со комунистичко-револуционерно учење и така истапувале против официјалната црква како најголем земјопоседник и даночник. Кај граѓанството, пак, особено кај ситната буржоазија, тој открил наклонетост кон типови религија кои ги нагласуваат конгрегациската солидарност и етичката рационална ориентација.

## КЛАСАТА И РЕЛИГИЈАТА

Вебер ја преиспитува Марксовата теза за високата религиозност на работничката класа во капиталистичкото општество како резултат од процесите на отуѓување и од изложеноста на експлоатација и доаѓа до заклучок дека таа не може да биде потврдена преку емпиријата на современите капиталистички општества. Тој констатирал :

„Модерниот пролетаријат, меѓутоа, во онолкава мера во колкава зазема посебна религиска положба, се одликува, како и широките

слоеви на стварно модерната буржоазија, со незаинтересираност за религијата или неприфаќање на религијата. Овде стварната потреба за потпирање на личните постигнувања е пресечена од свеста за зависноста од чисто општествени, економски и политички околности и затоа е или прекината или фрлена во сенка. Со оглед на ова како што веќе убедливо објаснил Сомбарт, секоја мисла за зависноста од текот на космолошките и метеоролошки случувања, или оние настани што можат да се објаснат како магиски или судбински, е исклучена. Затоа рационализмот на пролетаријатот и рационализмот на високата капиталистичка буржоазија не може лесно да има религиознен карактер. Рационализмот на високата капиталистичка буржоазија која целосно ја поседува економската моќ е ист како рационализмот на пролетаријатот. Тие не можат, барем не можат лесно, да создадат религија. Религијата овде обично ја заменуваат други идејни сурогати" (М. Вебер 1969: 1083).

Сепак, Вебер се согласува дека најнискиот и најнеобразовани от слој на пролетаријатот може лесно да биде привлечен од евангелизам „што звучи чувствено". Кон него можат да бидат привлечени и слоевите на ситната буржоазија кои пропаѓаат или се полупролетеризирани и се наоѓаат во константна неволја. Од друга страна, во некои религии тој открива содржини кои играат улога на мерки во водењето на општествената политика. Овие содржини тој ги открива во прв ред во теодицејата – објаснувањето на егзистенцијата на страдањето.

Вебер ја дефинира теодицејата како „проблем на кој начин исклучителната моќ на Бога може да биде усогласена со несовршенството на светот што тој го создал и со кој тој управува".

Вебер разграничил различни теодицеи и нив ги поврзува со класните разлики.

„Посебното значење на религијата на спасението за класите што се политички и економски во понеповолна положба, спротивно на нејзиното значење за привилигираните класи, мора да се набљудува од уште пошироко стојалиште. Кога ги разгледуваме ‚статусните групи' и ‚класите' мораме да споменеме дека чувствата на достоинство на најпривилигираните (но не и свештеничките) слоеви, особено аристократијата, односно ‚по природа отмениот народ', се потпираат на свеста за ‚совршенството' на нивниот начин на живот како израз на нивното квалитативно ‚битие'. Нивното ‚битие' се содржи во себе, и по природа на нештата се содржи во себе и не постои надвор од себе. Чувствата на достоинство на непривилигираните слоеви се потпираат на гарантираните религиозни чувства поврзани со пропишаната ‚функција', ‚мисија' или ‚занимање'. Заштото она на што тие не можат да претендираат ‚да бидат' го заменуваа

или со достоинството на она што некогаш ќе станат или достоинството на она што со судбината им е одредено да бидат во идниот земен или надземниот живот и (обично едновремено) со достоинството на она што тие, набљудувано од стојалиштето на провидението, го ‚симболизираат' или ‚постигнуваат'." (М. Вебер 1969: 1088).

Така, секое барање за спасение претставува израз на некоја потреба. Основните теодицеи: теодицејата на добрата среќа и теодицејата на несреќата, соодветствуваат со двете основни класи во општеството – високата и ниската.

Теодицејата на среќата е заснована врз верувањето дека привилегиите што се уживаат во општеството претставуваат божји благослов и тие се заслужени. Таа не упатува на лично спасение, туку на легитимација на положбата која донесува „среќен живот". Имено, слоевите што се општествено и економски привилигирани ретко кога имаат потреба за сопствено спасение. Ним религијата им е потребна за да го озакони нивниот начин на живот и нивната животна положба. Тие не сакаат само да имаат добра среќа, туку и да имаат право на својата добра среќа, да бидат свесни дека среќата ја заслужиле наспроти помалку среќните кои исто така ја заработиле својата несреќа.

„Оваа духовна потреба за озаконување на среќата се забележува во секое обично искуство, било да се работи за политичката судбина, за разликите во економската положба, за физичкото здравје, за успехот во еротското докажување или за кое било друго поле. ‚Озаконувањето', во своето внатрешно значење, е она што привилигираните слоеви субјективно го бараат од религијата, доколку воопшто нешто бараат." (М. Вебер 1969: 1078).

Слоевите што се општествено привилигирани, според Вебер, им се предаваат на религиите на спасението тогаш кога им е одземена можноста за политичка активност.

Теодицејата на несреќата Вебер ја открива кај претставниците на пониската класа. Таа соодветствува со потребата за спасение од страдањето, но не е присутна кај сите непривилигирани слоеви, за што доказ е современиот пролетаријат. Се темели врз верувањето дека богатството и другите нешта што ги уживаат привилигираните групи во општеството се знаци на злото.

Оваа теодицеја е придружена со сотериологија во која се нагласуваат наградите што ќе бидат постигнати на оној свет. Вебер констатирал дека потребата за спасение може да добие различни облици и често се соединува со потребата за праведна „компензација" – компензацијата за човековите сопствени добри дела и одмаздата за неправдата што ја чинат другите. На пример, во индиската религија спасението се состои во зголемување на можноста за повторно

раѓање – во реинкарнација на душата во повисока каста – што се постигнува преку исполнување на своите религиозни должности. Евреите, пак, како народ парии, кој немал своја политичка организација и бил подложен на ред ограничувања во однос на поширокото општество, очекуваат дека нивните наследници ќе заземат место во месијанското царство. Тие ќе ја ослободат целата заедница од нејзината париjска положба и ќе ја доведат во положба на доминација над светот. Така, заклучува Вебер, „и Индусите и Евреите работат за идната општествена положба на човекот. За Индусот оваа општествена положба е во некаква врска со него само во термините на доктрината на анимистичкото преминување на душата: тој работи за идната инкарнација на својата душа. Евреинот работи за своите наследници во чиј однос постои неговата сопствена ‚светска бесмртност' – однос кој исто така е сфатен анимистички. Индусот, значи, не ја доведува во прашање дадената општествена структура и положбата на својата каста во неа, туку сака да постигне идна среќа во рамките на таа структура. Евреинот, пак, своето сопствено спасение го бара во рушењето на дадениот општествен систем и создавањето на нов во кој еврејскиот народ ќе се стекне со привилигирана положба" (М. Вебер 1969: 1089).

## КЛАСАТА И РЕЛИГИОЗНАТА ЕТИКА

Проблемот на класата Вебер го истражува и во контекст на своите истражувања на големите светски религии преку поврзувањето на класата со даден религиски систем и верување, особено со економската етика поврзана со ова верување. Така, во истражувањата на религиите во Кина и во Индија тој открива дека конфучијанството ја манифестира статусната етика на културната елита, додека во Индија будизмот проповеда етика која го оправдува контемплативното отфрлање на светот. На западот тој го согледува јудаизмот како религија на вонкастински народ, на парии, христијанството како религија на занаетчии, додека исламот како религија на „војници кои сакаат да го освојат светот".

Конфучијанството било етика на државната служба, односно етика на „супериорната личност" – тоа го пропишувало однесувањето на супериорниот слој кој се имал стекнато со литерарно образование. Во согласност со положбата што ја имало во кинеското општество, конфучијанството ги отфрлало сите доктрини на спасението во кој било облик.

За разлика од тоа, будизмот и џаинизмот во Индија биле религии на кастите на кшатриите и вајсиите, односно кастите кои не рас-

полагале со политичка моќ. Овие религии изградиле став на непризнавање и повлекување во светот и биле антиполитички и миролубиви.

Следејќи го развојот на другите религии на спасението, Вебер насекаде ја открива поврзаноста меѓу трагањето по спасение и губитокот на политичката моќ. Кај религиите на спасението на Средниот Исток тој забележува дека тие „речиси без исклучок биле резултат од повлекувањето на образованите слоеви од политичкото влијание и активност", при што повлекувањето било или наметнато со сила или прифатено слободно (М. Вебер 1969: 1094).

## РЕЛИГИЈАТА И КЛАСАТА: ПРИМЕРОТ НА АМЕРИКАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Истражувањата на односот меѓу класата и религијата во Соединетите Американски Држави, почнувајќи од *Општествените извори на деноминационизмот* на Ричард Нибур (1929) па понатаму, откриваат дека оваа врска постои, но е повеќе посредна и вовлечена во односот на класата со расата и етничноста. Големиот број деноминации, во ситуација на потполна изделеност од државата, настојуваат да се приспособат кон поширокото општество. Оттаму и нивната неспособност да одговорат на потребите на оние општествени групи кои се наоѓаат во особено непривилигирана економска положба.

Така, и покрај инклузивноста на деноминациите и отсуството на посебни барања во однос на членството, припадниците на пониските класи се свртуваат кон сектите. Сектите се далеку попобарувачки кон своето членство во однос на очекувањата за однесување, но, и покрај тоа, тие им се привлечни на непривилигираните поради нивниот критичен однос кон поширокото општество. Нибур забележал дека припадниците на пониските класи особено биле привлекувани од религиозни организации кои ги карактеризирала доктринарна чистота, демократска или популистичка нагласка на свештенството на сите членови, етичката острина и соодветната тензија со општеството во целина.

Сектите обликуваат теодицеја на несреќата која се соочува со барањата на претставниците на ниските класи. Меѓутоа, кога ќе станат успешни, нивната критичност кон општеството ја намалува својата острина и нивната теодицеја постепено се реобликува во теодицеја на добрата среќа. Тогаш започнува движење за основање на нови секти предводено од претставниците на ниските класи.

Анализите на членството на големите деноминации во САД открива одредени разлики со оглед на класната припадност на нивното членство: лутеранската и методистичката деноминација имаат најголем број членови од повисоката и средната класа, но дел од нивното членство ѝ припаѓа на ниската класа. Членството на баптистите, романските католици и источната православна црква им припаѓа на средната и на пониската класа, со преваленција на последната. Помалите фундаменталистички цркви и црквата на светоста главно претставуваат деноминации на пониската класа, но во нив членуваат и одреден број припадници на средната класа (Christiano, Kevin and all, 2002: 142).

Највисоката класа на американското општество, претставена од протестанти, кои го формираат т.н. WASP (White Anglo-Saxon Protestant) е религиски поврзана во затворени религиски центри. Таа формира и затворени клубови и образовни установи во кои е оставена мала квота за претставници на католицизмот и еврејството.

Високата класа католици и Евреи, по примерот на протестантите, се затвора во свои организации кои дејствуваат паралелно со протестантската. Бројот на членството на овие организации континуирано се зголемува во текот на XX век, но американското општество сè уште е доминирано од членовите на протестантската висока класа (Christiano, Kevin and all: 2002).

Во текот на последните децении на XX век доаѓа до брзи промени во класната структура на американското општество, со зголемување на средната и со соодветно намалување на ниската класа. Во однос на религиозноста, расте бројот на католиците, како и релативното отварање на протестантската висока класа кон богатите претставници на католичката и еврејската религија.

На крајот на векот Пајл констатира:

„Религијата сè уште служи како социјален идентификатор кој ги сместува индивидуите во посебни статусни заедници и креира граници меѓу оние со слична религиска заднина. Далеку од тоа да биде дисоцирана од класата и статусната приврзаност, религиските деноминации самите служат како социјални групи кои рангираат вдолж јасно одредената религиска хиерархија... Перспективата на фер учество нагласува дека предностите на високата група опстануваат и покрај тоа што се остварува и процес на меритократска распределба. Движењето на ограничен број новодојденци кон високите положби не претставува крај на стариот поредок“ (Pyle, Ralf E., 1996: 280).

## SUMMARY

The relationship between the religion and the class is presented through the theories end the analyses of Karl Marks and Max Weber, as through some analyses of the contemporary states of this relationship found by the American sociologists of religion on the sample of American society.


## ЛИТЕРАТУРА


Fojerbah F., 1955, *Predavanja o suštini religije*, Kultura, Beograd.

Marks Karl, 1967: „Ekonomsko-filozofski rukopisi", *Rani radovi*, Naprijed, Zagreb.

Veber Maks, „Religija i društveni status", во: Parsons i drugi, 1969: *Teorije o društvu*, Vuk Karadžic, Beograd.

Christiano Kevin, J. Villiam H. Swatos, Jr., ant Peter Kivisto, 2002: *Sociology of Religion: Contemporary Developments*, Walnut Creek, CA: Altamira.

Pyle, Ralf, E., 1996: *Persistence and Change in the Protestant Establishment*, Westport Conn., Praeger.